Бр./Nr 12-2800/5
01-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-тата седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-5277/1 од 25.11.2021 година, оформен по доставена пријава со изразено сомневање во однос на правилност на постапка за јавна набавка, одлучување и склучувањето на договор за јавна набавка на договорниот орган Општина /// во 2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон.

Предметот со број 12-5277/1 од 25.11.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 25.11.2021 година поднесена е пријава со изразено сомневање во однос на правилност на постапка за јавна набавка, одлучување и склучувањето на договор за јавна набавка на договорниот орган Општина /// во 2021 година и оформен е предмет број 12-5277/1 од 25.11.2021 година.

Наводите во пријавата доставена од страна на градоначалникот на Општина /// /// се однесуваат на сомневање во однос на правилноста на постапката за јавна набавка, одлучувањето и склучувањето на договорот со број /// од 20.09.2021 година помеѓу Општина /// застапувана од градоначалникот /// и /// ДООЕЛ ///, за реконструкција на улица /// во ///, со оглед на тоа што договорот за јавната набавка бил склучен по распишувањето на изборите на ден 06.08.2021 година.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање податоци и информации до Општина /// и до Бирото за јавни набавки.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

На 19.08.2021 година од страна на градоначалникот на Општина /// /// била донесена Одлука за јавна набавка на работи за реконструкција на улица /// во ///, со спроведување на поедноставена отворена постапка, за што била назначена Комисија за јавна набавка. Во Одлуката е наведено дека износот и изворот на средства за реализација на договорот, во висина од 3,000.000 денари без ДДВ се предвидени во Буџетот на Општина /// и Планот за

јавни набавки. Видно од Годишниот план за јавни набавки во 2021 година бр./// од 20.01.2021 година, за Реконструкција на улица /// , со очекуван почеток на поедноставена отворена постапка во март 2021 година, биле предвидени 3,000.000 денари.

На огласот за јавна набавка со број /// објавен на 20.08.2021 година биле доставени четири понуди од страна на четири економски оператори, при што било утврдено дека три понуди се предмет на натамошна евалуација, по што до понудувачите била доставена покана за поднесување понуди во следната фаза.Трите понудувачи биле поканети на е-аукција. По извршено конечно рангирање, градоначалникот на Општина /// на 20.09.2021 година донел Одлука за избор на најповолна понуда - понудата на понудувачот /// ДООЕЛ ///, којашто изнесувала 3,000.300 денари.

Во текот на постапката, на 20.09.2021 година била донесена Измена на Одлуката за јавна набавка, со која износот на средствата бил променет – зголемен за 300 денари, што е во согласност со членот 77 став 5 од Законот за јавните набавки.

Помеѓу Општина /// застапувана од градоначалникот /// и избраниот економски оператор /// ДООЕЛ /// бил склучен Договор бр./// од 29.09.2021 година, со нето вредност од 3,000.300 денари (вкупно 3,540.354 денари), со предмет на договор „Реконструкција на улица ///" согласно Одлука за јавна набавка по спроведена поедноставена отворена постапка објавена во ЕСЈН со оглас /// и согласно Одлуката за избор на најповолна понуда.

Од наведеното може да се констатира дека постапката по огласот за јавна набавка на работи - реконструкција на улица /// во /// по која бил склучен Договорот со бр./// од 29.09.2021 година од страна на Општина /// била започната и спроведена по 06.08.2021 година, кога е донесено Решението за распишување на изборите за членови на Советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје.

Согласно релевантната одредба од членот 8-а од Изборниот законик, од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:
да се започне изградба со средства од Буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од Буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година.

ДКСК цени дека со оглед на тоа што средствата за конкретната јавна набавка биле предвидени во Буџетот на Општина ///, а набавените работи и средства планирани и содржани во Годишниот план за јавни набавки во 2021 година бр./// од 20.01.2021 година, со спроведувањето на постапката за јавна набавка по донесувањето на решение за распишување на избори не е сторена повреда Закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**